Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 15.06.2024

На 15.06.2024 во 01.30 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Е.А.(33) од Битола. Тој се сомничи дека во периодот од 22 до 24.00 часот на 14.06.2024 одзел патничко возило „тико" со битолски регистарски ознаки, сопственост на З.Т.(48) од Битола. Возилото било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицето било приведено во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2024 во 09.00 часот во СВР Велес, во присуство на старател, бил извршен службен разговор со малолетник од Велес. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пари во различни апоени и мобилен телефон за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело „кражба". За настанот бил известен јавен обвинител и по негово документирање ќе следува соодветен поднесок.

На 14.06.2024 во 21.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.С.(50) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.06.2024 во 23.00 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Л.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.06.2024 во 22.00 часот на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.Т.А.(21) од Република Турција, со престој во Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.06.2024 во периодот од 21.30 до 23.45 часот во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид ги лишиле од слобода К.М.(23) и А.М.(24), двајцата од Охрид и А.П.(23) од с.Куратица, охридско, со престој во Охрид, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, марихуана и мобилен телефон. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (14.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 132 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 12 санкции, три мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, осум санкции за користење мобилен телефон при возење. Изречени се осум мерки за некористење сигурносен појас, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Денеска (15.06.2024) во 00.36 часот во СВР Штип, С.Р.(23) од Штип пријавил дека на 14.06.2024 во периодот од 22.40 часот до 00.00 часот во светларник од неговата куќа пронашол зрно од огнено оружје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип, а зрното било подигнато за понатамошна постапка.

На 14.06.2024 во 11.30 часот во СВР Скопје, од Јавната установа за згрижување деца било пријавено дека била пронајдена нивната штитеничка Б.Ј.(17), за која на 10.06.2024 беше пријавено дека се оддалечила од установата.

На 14.06.2024 во 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на регионалниот пат Скопје-Тетово, патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки удрило во велосипед управуван од В.Н.(49) од Скопје, по што возачот го напуштил местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот констатирани во приватна болница. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 14.06.2024 во 15.20 часот во Полициската станица Аеродром, Т.Ј.(56) од Скопје пријавил дека на бул.„12 Македонска бригада" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 14.06.2024 во 13.10 часот во СВР Битола, Б.П.(83) од Битола пријавил дека на ул. „Македонска фаланга" бил каснат од куче скитник.

На 14.06.2024 во 15.00 часот во СВР Битола, Е.Б.(18) од Битола пријавила дека на ул. „Димитар Илиевски Мурато" била касната од куче скитник.

На 14.06.2024 во 14.45 часот во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода С.М.(34) од Гостивар. Тој се сомничи дека во периодот од 18.45 часот на 13.06.2024 до 12.50 часот на 14.06.2024 извршил „тешка кражба" од куќа во изградба, при што одзел повеќе предмети. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (14.06.2024), во периодот од 18.00 до 24.00 часот продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола изречени се вкупно 30 мерки за возачи кои управуваат мотоцикли, од кои 18 мерки за некористење на заштитна кацига, 9 мерки за непоседување на возачка дозвола...При контролата откриени биле и 13 останати прекршоци.

На 14.06.2024 во 14.40 часот во СВР Тетово, 63 – годишен тетовец пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 3.600 денари. Според пријавеното, лицето дошло во неговиот продажен објект и побарало да му подготви производи кои ќе ги плател кога ќе дојде неговата сопруга од банка. Како што е пријавено, додека чекале лицето разговарало на телефон, по што му ги побарало парите за да плати брза пратка, а парите ќе му ги врател кога ќе плати за нарачаните производи. Исто така, според пријавеното, откако му ги дал парите лицето излегло и не се вратило, по што сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.06.2024 во 23.00 часот во Радовиш, полициски службеници од ОВР Радовиш го лишиле од слобода Ѓ.С.(27) од Радовиш, постапувајќи по претходна пријава дека во семејниот дом физички ја нападнал неговата 60 – годишна мајка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 14.06.2024 во 04.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода И.М.(37) од Куманово, постапувајќи по претходна пријава дека се закажувал на 47-годишна жена од Куманово и нејзиниот 49-годишен сопруг и дека од декември 2022 година до 13.06.2024 со уцена од жената изнудил околу 16.000 евра. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2024 во 21.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Т.Т.(47) од Куманово затоа што физички ја нападнал неговата 44 - годишна сопруга. Т.Т. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 14.06.2024 во 14.30 часот, полициски службеници од Полициското одделение Петровец ги приведе А.А.(26) и Ј.Б.(24), двајцата од с.Катланово, скопско, поради сомнение дека пред фирмата во која работеле во индустриска зона на подрачјето на општина Петровец учествувале во физичка пресметка во која Ј.Б. употребил остар предмет и му нанел убодна рана на Н.М., кој бил пренесен во Компекс клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Притоа, со повреди се здобиле Е.М., Р.Б. и С.Ќ., сите вработени во истата фирма. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (15.06.2024) во 00.05 часот, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода Ј.Н.(39) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека на 14.06.2024 се закажувал на С.И.(26) од Скопје и неговата мајка М.И.. Тој бил задржан во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (15.06.2024) во 01.00 часот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Л.А.(32) од Скопје затоа што претходно агресивно се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.06.2024 во 17.10 часот во СВР Скопје, Ж.Т.(39) од Скопје пријавил дека околу 15.40 часот на работното место во приватна здравствена установа на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Х.Х. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.06.2024 во 16.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Кондово, скопско, поради нерасчистени имотно - правни односи, Р.И.(32) од Кондово бил физички нападнат од С.А.(35) од истото село, кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.06.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје, 29-годишна жена од Скопје пријавила дека во семејниот дом била физички нападната од својот сопруг С.М.(31) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.06.2024 во 13.40 часот во СВР Скопје, С.А.(51) од Скопје пријавил дека на 13.06.2024 на подрачјето на општина Аеродром, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку други малолетници, од кои еден од нив снимал со мобилен телефон. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.06.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје, Ш.Д. дека од нејзиниот дом се оддалечила нејзината штитеничка С.Ц.(16), која и порано се оддалечувала и била враќана. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
На 14.06.2024 во 20.10 часот во СВР Охрид е пријавено дека на улицата „Серафим Китаноски" во Охрид, Ј.И.(54) и С.С.(73) биле нападнати од куче домашен миленик, сопственост на В.П., сите од Охрид.

На 14.06.2024 во 16.30 часот во ОВР Прилеп, П.Ј.()18 од Прилеп пријавил дека во Прилеп бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет